# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА „ОГЛЕДАЛА“ М. 43 ОД МОРИС РАВЕЛ, „ВО МАГЛИТЕ“ ОД ЛЕОШ ЈАНАЧЕК, СОНАТА ЗА ПИЈАНО ОП. 26 ОД САМУЕЛ БАРБЕР И КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОП. 13 ОД БЕНЏАМИН БРИТН (РЕВИДИРАНА ВЕРЗИЈА ОД 1945 ГОДИНА) И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „УПОТРЕБАТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО КВАНТИТАТИВНАТА АНЛИЗА НА ПИЈАНИСТИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА“ ОД М-Р МИМОЗА ЌЕКА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Почестени од одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Тодор Светиев, проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Емилија Потевска Попивода и проф. д-р Трена Јорданоска, за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „Огледала“ М.43 од Морис Равел, „Во маглите“ од Леош Јаначек, Соната за пијано оп. 26 од Самуел Барбер и Концертот за пијано и оркестар оп. 13 од Бенџамин Бритн (ревидирана верзија од 1945 година) и теорискиот труд „Употребата на дигиталните технологии во квантитативната анализа на пи јанистичката интерпретација“ од м-р Мимоза Ќека, го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација од областа на музичката интерпретација од м-р Мимоза Ќека се состоеше од изведбата на два интерпретациски дела: прв дел – „Огледала“ М. 43 од Морис Равел, „Во маглите“ од Леош Јаначек, Соната за пијано оп. 26 од Самуел Барбер и втор дел – Концерт за пијано и оркестар оп. 13 од Бенџамин Бритн (ревидирана верзија од 1945 година), како и изработката на теорискиот труд „Употребата на дигиталните технологии во квантит ативната анализа на пијанистичката интерпретација“.

Првиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Мимоза Ќека со изведбата на делата „Огледала“ М. 43 од Морис Равел, „Во маглите“ од Леош Јаначек, Сон ата за пијано оп. 26 од Самуел Барбер се одржа на 11 јануари 2021 година со почеток во 12:00 часот во формат на ZOOM-конференција со презентација на интегрален видеозапис од изведбата на кандидатката.

Кандидатката м-р Мимоза Ќека извонредно се справи со интерпретацискиот пред извик кој го носи избраната програма составена од значајни дела кои го одбележуваат пи јанизмот на 20 век. На овој дел од одбраната, кандидатката демонстрираше извонредно о формена индивидуална способност за градење на сложената формална структура на сек ое од изведените дела, водејќи сметка за успешно балансирање и обединување на сите и нтерпретациски елементи во една целина. Нејзината изведба се одликуваше со јасна и су гестивна творечка имагинација во претставувањето на тематските материјали и нивната разработка, со прецизно изработен динамички, артикулациски и ритмички план и извон редно изградена пијанистичка техника. За одбележување е дека делата од овој рецитал п

рактично за прв пат беа изведени премиерно (С. Барбер: Соната оп.26) и интегрално (Л. Ј аначек: Во маглите, М. Равел: Огледала) во нашата средина. Импонираа, исто така, сценс ката сугестивност и енергичност со кои кандидатката ја заокружи изведбата на овој дел о д одбраната. Рецензентската комисија констатира дека кандидатката во целост одговори на комплексната задача која ја постави избраната програма и ги исполни музичко-уметничк ите стандарди за одбрана на самостојниот рециталски дел од докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Вториот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Мимоза Ќека со изведбата на Концертот за пијано и оркестар оп. 13 од Бенџамин Бритн (ревидирана верзија од 1945 година) се одржа на 18 март 2021 година, со почеток во 11:00 часот, во формат на ZOOM-конференција со презентација на интегрален видеозапис од изведбата на кандидатката. Како пијано-соработник се претстави м-р Јована Трајчева. И за овој дел од докторската дисертација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Мимоза Ќека покажа високо професионално, техничко, уметничко и естетско ниво и во целост ги задоволи критериумите потребни за одбрана на овој дел на докторската програма.

Теорискиот дел од докторската дисертација на м-р Мимоза Ќека, со наслов „Употребата на дигиталните технологии во квантитативната анализа на пијанистичката интерпретација“, содржи вкупно 111 страници во кои се вклучени стандардните четири поглавја за предметот, прегледот на литература, методот и резултатите, по што следат заклучоците и библиографијата.

Уште во воведот на трудот, кандидатката го констатира огромното влијание во подрачјето на креирањето, интерпретацијата и приемот на музичката уметност што го носи развитокот на електроакустичките технологии и технологиите за дигитално процесирање на звукот. Соодветно, новите информатички технологии, според кандидатката, отвораат огромни можности и за истражување и анализирање на проблемот на музичката интерпретација.

Имајќи предвид дека досегашните обиди за градење на теоријата на интерпретацијата се ограничувале на квалитативните методи, користејќи најмногу дескрипција и обид да се разберат, односно да се протолкуваат интенциите на пијанистот, кандидатката м-р Ќека се обрнува кон новите дигитални технологии и низата нови записи, испитувајќи ги можностите за нивна примена во анализата на интерпретацијата, и тоа преку квантитативните методи. Во оваа смисла, таа се потпира на заклучоците од теориските трудови на д-р Димитрије Бужаровски, кои повеќе од две децении се занимаваат со користењето на дигиталните МИДИ, аудио- и видеозаписи како основа за квантитативна анализа на музичкото творештво и интерпретацијата.

Соодветно, кандидатката м-р Ќека ја дефинира основната цел на нејзиниот теориски труд – да ги истражи можностите на новите дигитални технологии во анализата на пијанистичката интерпретација. Вака дефинираната цел недвосмислено припаѓа во подрачјето на методот, односно според својата природа би биле метатеориски. Имајќи предвид дека метатеориските истражувања припаѓаат на најсложените и бараат големо искуство, научна подготовка и соодветно време, таа се одредува да се ограничи на експлораторната фаза, односно да дизајнира пилот-проект во кој би ги испитала можностите за анализа на МИДИ, аудио- и видеозаписите.

Во натамошниот тек на ова поглавје, таа подетално ги разгледува трите основни сегменти на дефиницијата на предметот на нејзиното истражување: употребата на дигиталните технологии, квантитативната анализа и пијанистичката интерпретација. Така, кај првиот сегмент, *дигитални технологии*, таа означува дека ќе ја подразбира употребата на: МИДИ, аудио- и видеозаписи и соодветниот софтвер (нотен процесор, монтажа на аудио и видео, претставување на амплитудните и спектралните енвелопи итн.). Во натамошниот текст следува и натамошна разработка на значењата на употребените термини од областа на дигиталните технологии. Вториот сегмент, *квантитативна анализа*, се однесува на можноста преку овие технологии да се добијат квантитативни (нумерички) податоци кои би биле основа за натамошна анализа и

коментари. И на крајот, последниот сегмент, *пијанистичка интерпретација*, кој ги опфаќа модусите на преносот на авторските идеи до публиката, би бил прикажан низ анализата на седумте планови на музичкото дело дефинирани во трудот *Увод во анализа на музичкото дело* од проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Проблемот на истражувањето на кандидатката м-р Ќека – искористувањето на новите дигитални технологии во објаснувањето на феноменот на музичката интерпретација, натаму е разработен во три истражувачки прашања:
1) Дали анализата на МИДИ, аудио- и видеодигиталните записи отвора нови можности во анализата на пијанистичката интерпретација?
2) Дали новите квантификациски методи добиени преку анализата на дигиталните записи даваат подобри резултати од конвенционалните методи?
3) Дали сознанијата добиени со анализата на пијанистичката интерпретација со дигиталните алатки ќе бидат применливи во натамошниот развиток и подобрување на интерпретациските техники?

Од ова ќе произлезе и истражувачката хипотеза: Новите МИДИ, аудио- и видеодигитални записи овозможуваат квантифициран пристап кон проблемот на пијанистичката интерпретација.

Соодветно, таа е разработена и низ три нулти хипотези:
– МИДИ записот не овозможува квантитативни податоци за карактеристиките на пијанистичката интерпретација.
– Дигиталниот аудиозапис не овозможува квантитативни податоци за карактеристиките на пијанистичката интерпретација.
– Дигиталниот видеозапис не овозможува квантитативни податоци за карактеристиките на пијанистичката интерпретација.

На крајот од ова прво поглавје, кандидатката м-р Ќека заклучува дека основната зависна варијабла би била ефикасноста на употребата на дигиталните записи за интерпретациска анализа на независните варијабли на плановите на музичкото дело.

Второто поглавје за прегледот на литературата, кандидатката го организира во неколку дела:
– Историски осврт кон трудовите за пијанистичката интерпретација
– Досегашни изработени докторски дисертации на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски кои се занимаваат со проблемот на пијанистичката интерпретација
– Дефинирање на проблемите на пијанистичката интерпретација
– Примена на дигиталните технологии во музиката.
Во него се обработени 97 библиографски единици, доминантно поголеми теориски трудови (книги), најмногу од англиското јазично подрачје, и дополнителни 27 единици од интернет-страници. Самите по себе, тие, секако, ќе бидат корисни како дополнителна литература за идните истражувачи на пијанистичката интерпретација, како и за самите музички уметници.

Поглавјето за методот, исто така, се движи според востановените шаблони за дизајнот на истражувањето, базите на податоци и обработката на податоците. Почнувајќи со примерокот, кандидатката м-р Ќека истакнува дека е избрано само едно дело, односно изведбата на Ноктурно оп. 52 бр. 2 „Не си го продавај קољо“ од циклусот *Вечеринки* (9 Ноктурна оп. 49 и 4 Ноктурна оп. 52) врз теми од македонски народни песни од авторот Димитрије Бужаровски. Изборот на ова дело кандидатката го образложува со употребата на композиторската техника базирана врз Шопеновата и Листовата пијанистичка традиција. Имајќи предвид дека оваа традиција е во врвот на пијанизмот, преку ваквиот примерок би бил покриен широк пијанистички репертоар.

Со оглед на должината на ова Ноктурно, кандидатката се ограничила само на воведниот бавен дел, сметајќи дека и овој материјал е доволен за изведување на проектот и добивање соодветни сознанија. Изборот на ова Ноктурно кандидатката го направила и од практични

причини бидејќи ѝ било овозможено анализите да ги изврши врз сопствената изведба, но што е уште поважно, да ја добие и авторската изведба. На тој начин, како примерок, таа користи 4 изведби, односно две сопствени изведби и две изведби на авторот Димитрије Бужаровски, и тоа: два едновремени МИДИ-записи, и два едновремени аудио- и видеозаписи. На тој начин било обезбедено потполно идентично опкружување, од инструментот за изведба, до акустичкото, односно амбиенталното опкружување. Снимени едновремено, односно во ист термин, било елиминирано и влијанието на други фактори, односно дискриминацијата и контаминацијата на добиените резултати.

Примерокот натаму бил поделен според формалната структура на 7 дела: (1) вовед (1–2 такт), (2) 1 реченица (3–6 т.), (3) 2 реченица (7–12 т.), (4) $2_1$ реченица (13–22 т.), (5) $1_1$ реченица (23–26 т.), (6) $2_2$ реченица (27–34 т.) и (7) $2_3$ реченица (35–44 т.). Оваа поделба била направена според системот на анализа на проф. д-р Бужаровски.

Со основниот инструмент прашалник, кандидатката м-р Ќека собирала четири вида податоци: општи податоци, податоци за МИДИ-записот, податоци за аудиозаписот поделени во две поткатегории – амплитудни и спектрални енвелопи, и податоци за видеозаписот.

Истражувањето било реализирано во три фази: планирање и подготовка на делото, изработка на аудио-, видео- и МИДИ-запис и анализа на записите и коментари на добиените резултати. Базата на податоци е организирана во 24 основни полиња, од кои за некои (како на пример за средната вредност и стандардните девијации) се користени и дополнителни полиња.

Обработката на добиените податоци, главно, е извршена преку табеларно и графичко прикажување на доминантно интервалските и рационалните варијабли (што е уште една потврда за *квантитативноста* на целиот проект). Покрај ова, во анализите и коментарите се користени и опсегот, средните вредности μ и стандардните девијации SD.

Прикажувањето на добиените резултати е организирано според трите категории на дигитални записи: МИДИ, аудио и видео.

МИДИ-записот е анализиран во однос на три плана на музичкото дело: интервалско-мелодискиот, метричко-ритмичкиот и темпо-агогичкиот. Соодветно, трите плана се разгледани преку: споредбите на поединечните МИДИ-записи со партитурата и споредбите во разликите меѓу двете интерпретации. Бројните табели и графици, споредбите на средните вредности μ и стандардните девијации SD, покрепени и со директните резултати прикажани во вид на нотен запис, се недвосмислен аргумент за предностите што ги дава овој пристап кон анализата на пијанистичката интерпретација. Соодветно, следува и заклучокот дека е отфрлена првата нулта хипотеза поставена на почетокот на трудот.

Анализите на аудиозаписите од Ноктурно оп. 52 бр. 2 „Не си го продавај Кољо“ од Димитрије Бужаровски, се изведени преку анализите на амплитудните и спектралните енвелопи. Амплитудните енвелопи се искористени за да се добијат податоци за два плана на музичкото дело: темпо-агогичкиот и динамичкиот, додека спектралните енвелопи се искористени за добивање на податоци за динамичкиот план и користењето на педалот. Врз основа на споредбите на двете изведби и ознаките во партитурата, се добиени бројни коментари за интерпретациските карактеристики во спомenатите изведби. И во овој случај тие претставуваат доволна аргументација за кандидатката м-р Ќека да ја отфрли и втората нулта хипотеза.

На крајот се анализирани и резултатите добиени од споредбите на двете видеоснимки, преку кои е утврдено користењето на педалите кај двајцата изведувачи, како и различните типови на пијанистичка техника, со што е отфрлена и третата нулта хипотеза.

Со отфрлањето на трите нулти хипотези е потврдена појдовната истражувачка хипотеза на трудот. Воедно, трите вида записи овозможија и триангулација на добиените резултати кои се однесуваа на ист вид податоци, како, на пример, динамичкиот или темпо-агогичкиот план.

Се разбира, покрај теориската работа врз трудот, за истражувачот м-р Ќека овој проект имаше практично значење во однос на интерпретациската работа врз ново дело и користењето на дигиталните алатки како помош за изведувачот.

На крајот, во врска со изработката на теорискиот труд „Употребата на дигиталните технологии во квантитативната анализа на пијанистичката интерпретација“ на кандидатката м-р Мимоза Ќека, би сакале да истакнеме дека се работи за еден иновативен теориски проект кој отвора нови перспективи во пристапот кон обработката на досега недопирливите карактеристики на пијанистичката интерпретација, и воопшто музичката интерпретација. Како што кажува и кандидатката, тој има експлоративна намена и врз основа на потврдената истражувачка хипотеза дека дигиталните технологии даваат солидна основа за квантитативна анализа, нешто што досега отсуствуваше во ова подрачје од музичката уметност, би можело да се пристапи кон дизајнирање на поголемо истражување кое би ги утврдило методолошките основи на овој пристап. Во него, секако, би се отишло уште еден чекор понатаму, посебно во употребата на статистичките техники, кои ќе доведат до уште поцелосни и подлабоки сознанија за суштината на изведувачкиот феномен. Целосно земено, трудот во целост одговара на бараните норми, нивото и задачите за изработка на теорискиот дел од докторската дисертација од музичката интерпретација.

Имајќи ги предвид сите изнесени заклучоци, најнапред за интерпретацискиот дел , а исто така и за поднесениот теориски труд, Рецензентската комисија констатира дека ка ндидатката м-р Мимоза Ќека во целост ги исполнила интерпретациските барања за докто рска дисертација од музичката интерпретација и до Рецензентската комисија поднела те ориски труд кој, со изборот на предметот, обработката, коментарите и донесените заклу чоци, претставува исчекор во теорискиот пристап кон проблемите на интерпретацијата в о македонската музикологија. Затоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-н аучниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и за каже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Мимоза Ќека.

**Рецензентска комисија**

**Проф. м-р Тодор Светиев, с.р.**
**Проф. д-р Димитрије Бужаровски, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Потевска Попивода, с.р.**
**Проф. д-р Трена Јорданоска, с.р.**